Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 04.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | | |
| 03 | 562/1 | | |

# Новинарско прашање

From: Охрид Дваесет и четири (ohrid24.mk@gmail.com)

To: info@muzejohrid.mk

Date: Thursday, May 4, 2023 at 10:17 AM GMT+2

Почитувана директорке,

Пред да ја запознаеме јавноста, сакаме прво да ви се обратиме Вас, како личност која ја води институцијата Завод и Музеј Охрид, за дивоградбата која е изградена врз кулата кај Долна Порта.

Дали вашата институција има издадено било каква дозвола за градба?

Доколку немате, кои чекори ќе ги преземете?

Со почит,
ОХРИД 24

IMG-c57db7cc0500bebcab730e6a11328a43-V.jpg
497.2kB

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:
______ 20__ г.
Потпис:



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: зимохридЖјахоо.цом, жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 03-562/2
08.05.2023
Охрид/Ohër

**До**
**ohrid24.mk@gmail.com**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на новинарско прашање
**ВРСКА:** Новинарско прашање (наш бр.03-562/1 од 04.05.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поставено новинарско прашање од страна на **ohrid24.mk@gmail.com** бр. 03-562/1 од 04.05.2023 година испратено по електронски пат, а во врска со дивоградбата која е изградена врз кулата кај Долна Порта за тоа цитирам:

1. Дали вашата институција има издадено било каква дозвола за градба?
2. Доколку немате кои чекори ќе ги преземете?

Во врска со поставеното новинарско прашање, Ве информираме за следното:

1. Со барање бр. 13-1190/1 од 13.09.2022 година до НУ Завод и Музеј – Охрид од страна на Златан Скепароски од Охрид (ул. Партизанска бр. 24/1/13), преку полномошник Игир Скепароски (ул. Марко Цепенков бр. 194), побарано е препокривање на кров на објект на ул. Коста Абраш бр. 18, на КП 16299 КО Охрид 3 поради дотраеност на старите ќерамиди и прокиснување на објектот со видливи оштетувања кои се опасни по станарите на објектот и по случајните минувачи.

НУ Завод и Музеј – Охрид го разгледа барањето, изврши увид на лице место и издаде Мислење бр. 13-1190/2 од 29.09.2022 година со кое се дозволува промена на кровниот покривач со отстранување на стари покривни материјали и дотраени ќерамиди и поставување на нови летви и дрвен патос со примена на современи слоеви на хидро и термо заштита и нов кровен покривач од црвена ќерамида тип медитеран. При тоа не се дозволува промена на габаритот на кровот и изведба на баџи или рамни тераси.

Мора да се напомене дека објектот и пред изведувањето на градежните интервенции од неговата западна страна се ослонуваше на ѕидот од подградиетo од Самуиловата тврдина односно, западниот ѕид од објектот претставува дел од ѕидот од подградието на Самуиловата тврдина во Охрид.(сл. 1)



Сл. 1

Исто така мора да се напомене дека со постојната планска документација за горенаведениот објект не е предвиден развој, поточно дозволени се само нужни поправки на истиот.

Во текот на увидот на предметниот објект затекната беше следнава состојба:

Извршена е демонтажа на постојниот кровен покривач и постојната кровна конструкција. Со оглед на тоа што објектот е наслонат на ѕидот од подградието од Самуиловата тврдина, над тврдинскиот ѕид изведен е армирано бетонски серклаж над кој е ослонета нова дрвена кровна конструкција, нова дасчана оплата, хидро и термо изолација и поставен е нов кровен покривач од црвена ќерамида – тип медитеран. Мора да се напомене дека поставувањето на армирано – бетонскиот серклаж не е дозволено од страна на НУ Завод и Музеј – Охрид и со изведбата на ваков серклаж се загрозува заштитеното споменичко добро заштитено со Решение бр.07-347/1 од 08.04.1998 година и се нарушува комплетниот амбиент на просторот. При поставувањето на нова кровна конструкција изведена е стреа која надвиснува над дворното место од црквата Св. Никола Болнички. (сл. 2)

Исто така поставени се  и хоризонтални и вертикални олуци со тоа што вертикалниот олук е спроведен во туѓо дворно место, поточно во двор од црквата Св. Никола Болнички.  (сл. 2)



Сл. 2

Во текот на увидот беше констатирано дека бесправно се вршат и други градежни работи како што се: промена на постојната надворешна столарија со нова алуминиумска во црна боја, изведба на фасади со поставување на термоизолација на фасадите и градежни работи во ентериерот од објектот. (Сл. 3, Сл. 4, Сл. 5)




**Сл. 3** **Сл. 4**



**Сл. 5**

2. За изведените градежни активности НУ Завод и Музеј – Охрид не поседува техничка документација и не е издаден никаков потребен акт за горенаведеното. Напоменуваме дека градежните активности се изведуваат во непосредна близина на поединечно заштитено споменичко добро (Подградие на Самуилова тврдина) и од тие причини неопходно е да бидат известени инспекциските служби при Управата за заштита на културно наследство – Скопје кои се должни да постапат понатаму согласно своите надлежности.

Во прилог Ви доставуваме: Извештај од извршен увид при изведување на бесправна градба на улица Коста Абраш бр. 18 на КП 16299 КО Охрид 3 (бр. 13-573/1 од 08.05.2023 година) и Мислење бр. 03-1190/2 од 29.09.2022 година издадено од НУ Завод и Музеј – Охрид.

Со почит,
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Тања Паскали Бунташеска
диа, конзерватор – советник
------------------------------------

в.д. Директор,
Катерина Велковска
------------------------------------